Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
МАНЧУ МАТАК
Бр. 02-84/3
12.05.2022 год.
КРИВОГАШТАНИ

Согласно член 113 и член 122 од Законот за основно образование (Сл. весник на РМ, бр. 161/2019), наставничкиот совет при ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани, на состанокот одржан на ден 12.05.2022 година донесе

# ОДЛУКА
## за изборните предмети кои ќе им се предложат на учениците да ги одберат за учебната 2022/2023 година

Согласно законските одредби и наставниот план а имајќи ги предвид можностите за покривање од постојниот наставен кадар во училиштето, Директорот на ООУ „Манчу Матак“ - Кривогаштани, предложи, а наставничкиот совет ги усвои следниве изборни предмети по одделенија:

1. Во VI одделение во учебната 2022/2023 година учениците т.е. нивните родители ќе можат да изберат помеѓу изборните предмети: **Етика на религиите, Класична култура во европските цивилизации и Запознавање на религиите;**
2. Во VII одделение во учебната 2022/2023 година учениците т.е. нивните родители ќе можат да изберат помеѓу изборните предмети: **Вештини за живеење, Истражување на родниот крај и техничко образование;**
3. Во VIII одделение во учебната 2022/2023 година учениците т.е. нивните родители ќе можат да изберат помеѓу изборните предмети: **Техничко образование; Унапредување на здравјето и Истражување на родниот крај.**
4. Во IX одделение во учебната 2022/2023 година учениците т.е. нивните родители ќе можат да изберат помеѓу изборните предмети: **Воспитание за околината, Унапредување на здравјето и Истражување на родниот крај.**

Согласно член 53 од Законот за основно образование, наставата по изборните предмети училиштето ја организира во групи за кои се пријавени најмалку 15 ученици од исто одделение, од исти или различни паралелки.

12.05.2022 година
Кривогаштани

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
МАНЧУ МАТАК
Кривогаштани

Директор:

Даниела Мицеска